**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА ОБЛАСТ ДИЗАЈНИРАЊЕ НА ТЕКСТИЛ И ОБЛЕКА НА ТЕХНОЛОШКО -ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2302-87/5 од 8.8.2024 година донесена на 168. седница на Технолошко - техничкиот факултет и измени на одлуката 2302-98/5 од 1.10.2024 година донесена на 170. седница на Наставно-научниот совет на Технолошко - технички факултет, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на 1 (еден) извршител во сите звања за наставно - научната област: Дизајнирање на текстил и облека 2.11.06.05 на Технолошко - технички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- Д-р Пенка Ангелинова Димитрова, редовен професор во пензија, на наставно – научна област, Дизајнирање на текстил и облека, Машински факултет, Технички универзитет, Софија – **претседател,**
- Д-р Владимир Станковиќ, редовен професор на наставно – научна област, Дизајнирање на текстил и облека, Технолошки факултет, Универзитет во Ниш – **член,**
- Д-р Снежина Андонова, редовен професор на наставно–научна област, технологија на облека, Технички факултет, Југозападен универзитет, Благоевград **– член**

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот/-ците: „Слободен печат” и „Коха“ од 6-7.7.2024 година и во предвидениот рок се пријавија:

1. м-р Јордан Ефремов
2. д-р Јана Манева Чупоска

Комисијата ги разгледа пријавите за распишаниот Конкурс за наставно-научната област Дизајнирање на текстил и облека и го поднесува следниот

**ИЗВЕШТАЈ**

М-р Јордан Ефремов ги има доставено следниве документи:

Пријава, дипломи за завршен Прв и Втор циклус на студии (по еден примерок оригинал и 3 копии), уверение за положени испити од Прв и Втор циклус на студии (кратка биографија – CV (во четири примерока), список на објавени научни и стручни трудови, по еден примерок од трудовите (во четири примерока), линк за прикачен учебник на е – библиотека (еден примерок од универзитетски учебник печатена форма), потврда дека се служи со еден странски јазик (во четири примерока), еден примерок од магистерскиот труд, уверение за државјанство (во четири примерока), постери, дипломи, благодарници и сертификати од учество на самостојни и групни ликовни изложби, модни презентации, проекти и симпозиуми (во четири примерока). Одлуки со архивски број за членство во организации, работни тела и комисии, одлуки со архивски број за менторство, членство и како претседател на Комисија за одбрана на дипломски трудови (во четири примерока).

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно - научниот совет на Технолошко – технички факултет да му ги поднесеме следниве:

***Биографски податоци***

**М-р Јордан Ефремов** е роден на 16.3.1966 година во Штип, Р Македонија, каде завршува основно и средно образование. Дипломира на факултетот за Ликовни уметности во Скопје во 1990 година, во областа сликарство, со насока модно креирање и се здобива со право на стручен назив: ***дипломиран сликар со модно креирање.*** Во областа ***сликарство*** дипломира во класата на реномираниот сликар и професор Душан Перчинков, додека во областа ***модно креирање*** кај професорката Зорица Тодорова Младеновиќ. Во периодот од 1993 до 1994 година, со дополнително редовно посетување на два семестра, се стекнува со уверение за положени испити од педагошката насока на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. **Магистрира** на Факултетот за ликовни уметности во Скопје во областа сликарство под менторство на проф. м-р Антони Мазневски на тема со наслов: „***Ликовна биопрогресија***“**,** на 28 мај 2010 год. со просечна оценка **8,83** и се стекнува со академски статус ***магистер по ликовни уметности од областа сликарство.***

***Работно искуство***

Од 01.09.1989 до 01.09.1993 година работи како наставник по предметот Ликовна култура со дизајн и историја на уметност во СОУ гимназија „Славчо Стојменски“ во Штип, Р Македонија.

Од 01.09.1993 до 01.09.2000 година работи како наставник по предметот Ликовно образование со историја на уметност во основното училиште „Кирил и Методиј“ во Штип, Р Македонија.

Од 01.09.2000 до 01.09.2009 година работи како наставник по предметот Ликовно образование со дизајн и историја на уметност во средните општински училишта: СОУ „Димитар Мирасчиев“ во Штип, Р Македонија, СОУ „Јане Сандански“ во Штип, Р Македонија, СОУ „Никола Нехтенин“ во Штип, Р Македонија.

Од 01.09.2009 до 01.12.2011 година работи како наставник по предметот Ликовно образование со историја на уметност во основното училиште „Ванчо Прќе“ во Штип, Р Македонија.

Од **01.12.2011** година работи како референт во Центарот за односи со јавноста, во Одделот за издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Р Македонија.

Од **03.02.2015 година е избран за Универзитетски доцент** од Наставно - научната област **Дизајнирање на текстил и облека**, на студиската програма: Текстил дизајн и менаџмент на Технолошко – техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип.

Од **03.10.2019 година е избран за Универзитетски вонреден професор** од Наставно- научната област **Дизајнирање на текстил и облека**, на студиските програми: Текстил дизајн и менаџмент и Дизајн и технологија на текстил и облека на Технолошко – техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип.

**Општи услови за избор:**

- **Успех од најмалку 8,00 (осум) како просечна вредност на студиите на Прв и Втор циклус.**

Кандидатот има остварено **8.20 просечен успех на студиите на Прв и Втор циклус.**

***Научен степен магистер на соодветната научно - уметничка област во која се избира***;

М-р Јордан Ефремов има научно - уметнички степен **магистер** на ликовни уметности – уметничка област во која се избира; Дизајнирање на текстил и облека. Кандидатот м-р Јордан Ефремов научно – уметничкиот степен го добил на Факултетот за ликовни уметности во Скопје во областа сликарство под менторство на проф. м-р Антони Мазневски. Магистерскиот труд е со наслов ***„Ликовна биопрогресија“***, на 28 мај 2010 год., со просечна оценка **8,83** со што се стекнува со академски статус ***магистер по ликовни уметности од областа сликарство.***

***Претходен избор во звање;***

Со одлука бр.2302-40/7 од 03.02.2015 година кандидатот м-р Јордан Ефремов е избран за доцент од наставно – научна и уметничка област Дизајнирање на текстил и облека на Технолошко – техничкиот факулет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Со одлука бр. 2302-40/7 од 03.10.2019 година кандидатот м-р Јордан Ефремов е избран за вонреден професор од наставно – научна и уметничка област Дизајнирање на текстил и облека на Технолошко – техничкиот факулет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Да има објавено најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно Законот за високото образование во последните пет години пред објавување на огласот за избор.**

**Објавени научни трудови во референтна научна публикација:**

| Бр. | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Списание или место на претставување на трудот/ конференција** | **Години на излегување на списанието или година на претставување на трудот** |
|---|---|---|---|---|
| | | **Меѓународни научни трудови** | | |
| 1 | Kertakova, Marija and **Efremov, Jordan** | Fashion of The New Century – Modern Fashion or Expression of Social Status and Clothes for Success. | Tekstilna industrija, 72 (1). pp. 11-22. ISSN 0040-2389 | 1953 |
| 2 | **Efremov, Jordan** and Kertakova, Marija and Dimitrijeva, Vanga | The aesthetic factor as a formative element in industrial design, from the aspect of industrial aesthetic in the fashion industry | Tekstilna industrija, 71 (4). pp. 50-56. ISSN 0040-2389 | 1953 |
| 3 | Kertakova, Marija and **Efremov, Jordan** and Kocaleva, Mirjana | New ways of fashion presentation in the digital age period. | Tekstilna industrija, 71 (1). pp. 44-50. ISSN 0040-2389 | 1953 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | Kertakova, Marija and **Efremov, Jordan** | Cubism with its aesthetic paradigms as an avant-garde cultural-artistic movement and an art principle for creating analogue fashion solutions. | Kowldedge International Journal, 55 (5). pp. 923-928. ISSN 2545-4439 | 2009 |
| 5 | **Efremov, Jordan** and Kertakova, Marija and Dimitrijeva, Vanga | Different aspects of fashion. | Tekstilna industrija, 70 (4). pp. 48-54. ISSN 0040-2389 | 1953 |
| 6 | **Efremov, Jordan** and Kertakova, Marija and Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga | *Expression of personality through dressing.* | Tekstilna industrija, 69 (1). pp. 28-35. ISSN 0040-2389 | 1953 |
| 7 | Kertakova, Marija and Jordeva, Sonja and **Efremov, Jordan** | *Analiza prve autohtone subkulture u istoriji mode -Antimodni stil Enkroajabla i Mervejeza („Incroyables" i „Merveilleuses")* | Tekstilna industrija, 69 (2). pp. 48-59. ISSN 0040-2389 | 1953 |
| 8 | Kertakova, Marija and **Efremov, Jordan** | Fashion during the digital era period. | Knowledge International Journal, 49 (6). pp. 1301-1309. ISSN 2545-4439 | 2009 |

***Признаени уметнички и стручни претставувања, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од државата.***

***Самостојни изложби***

***Efremov, Jordan*** (2023) *Самостојна изложба „Биокинетичка метаморфоза" – "Biokinetic metamorphosis", како дел од манифестацијата: House of Culture, Campulung, Romania, Mountain civilization Traditions, customs, folklore on the mountain. 17 – 30 Мај 2023 год. проф. м-р Јордан Ефремов.*

***Efremov, Jordan*** (2023) *Самостојно претставување како дел од изложбата со изработки на староградски носии реплики на европскиот костим, Дом на култура, Кампулунг, Романија, 11 - 16 мај 2023 год.*

***Efremov, Jordan*** (2022) *Самостојно претставување со колекција „Кирилицата, магичниот мост до уметноста" учество со 12 модели. Меѓународна изложба, Југозападен Универзитет „Неофит Рилски" – 15- ти национален фестивал на дизајн. Благоевград – 17 – 28 Октомври 2022 година.*

***Efremov, Jordan*** *(2021) Multicultural Association „Nicu Hagi" – Campuling Muscel – Romania, The Carpates – Pind. Mountain civilization, folklore on the mountain. December 30, 2021 - Самостојна изложба. со слики и цртежи инспирирани од македонскиот фолклор*

***Efremov, Jordan*** *(2021) НУ Завод и Музеј Штип / NI Institute and Museum Stip, самостојно претставување со слики и цртежи, Културното наследство низ призма на ликовната дејност.*

***Efremov, Jordan*** *(2020) Крушево - Самостојно претставување - Изложба на слики со традиционални влашки носии, Декември 2020.*

***Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик***

Кандидатот се служи со англиски јазик. Има сертификат за положен Англиски јазик со постигнато ниво Б1.

***Способност во изведувањето на високообразовна дејност***

По долгогодишна 22 - годишна наставно – образовна дејност како наставник во основно и средно образование, афинитет кон високото образование и способност за изведување на високообразовна дејност, кандидатот покажува уште со првиот избор за доцент на Технолошко – техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во 2014 година, а потоа во изборот за вонреден професор во 2019 година. Во овие 10 (десет) години, кандидатот ги остварува сите активности поврзани со процесот на високото образование: Активна вклученост во изведување на настава (предавања и вежби), учество на конференции, форуми, објавување на учебни помагала и учебници, објавување на научни и стручни трудови во референтни списанија, изготвување на проекти како и учество во организациските активности на Ликовната академија и на Технолошко – техничкиот факултет при УГД. Ментор е на повеќе дипломски трудови, член и претседател на бројни комисии на дипломски и магистерски трудови. Соработка со други универзитети од странство. Со одлука бр. 2402 – 57/4 од 22.09.2022 година, м-р Јордан Ефремов е избран за Продекан на Ликовната академија, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

***Посебни услови:***

***Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања низ призмата на научноистражувачките и уметнички резултати***

Кандидатот во последните пет години пред објавување на огласот за избор има објавено вкупно 30 научно – истражувачки и уметнички објави. Од кои: 9 (девет) труда во референтна научна публикација, 3 (три) на меѓународни научни конференции, 6 (шест) меѓународни самостојни изложби и модни презентации, 9 (девет) групни ликовни изложби и модни презентации во земјата и во странство, 3 (три) проекти и 1 (еден) рецензиран Универзитетски учебник.

***Проекти:***

*Dimitrijeva - Kuzmanoska, Vanga and Risteski, Sanja and Golomeova, Saska and Zhezhova, Silvana and Ristova, Elvira and Jordeva, Sonja and Bojadziska, Slavica and* ***Efremov, Jordan*** *and Naumovska, Verica (2023) Меѓународен фестивал на Власите „Традицијата и културата обединуваат“.*

*Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga and Srebrenkoska, Vineta and Despot, Katerina and Sandeva, Vaska and* ***Efremov, Jordan*** *and Golomeova, Saska and Zhezhova, Silvana and Jordeva, Sonja and Ristova, Elvira and Bojadziska, Slavica and Slavkova, Emilija and Gjorgjieva, lidija and Mirceska, Natasa and Angelinova-Dimitrova, Penka and Dimitrova Evtimova, Maria and Onteva, Maria and Badea, Corina and Hagi, Emil and Nanusevski Filipovic, Nadica and Janakieska, Danica and Golant,*

*Natalia and Dimitrijeva-Mastev, Marina (2022) Preservation of local craft traditions at the international level and integrations into new tehnologies and process of recycling and apllications in modern and functional design.*

*НУ Завод и Музеј Штип - NI Institute and Museum Stip, проект: Културното наследство низ призма на ликовната дејност, Jakimovska, Jana and Miloseski, Slobodan and Despot, Katerina and **Efremov, Jordan** and Dimitrijeva, Vanga and Sandeva, Vaska and Namicev, Petar and Risteski, Sanja (2021)*

***Успешно дејствување во соодветната област на уметноста***

***Признанија и награди:***

1. Диплома за учество во проектот „Планинска цивилизација", изложба со традиционални носии, Камапулунг, Романија, 16-30 Декември 2021 год.

2. Сертификат за учество активности организирани од Информативниот центар на Романија, Скопје, 2022 год.
3. Благодарница за учество во проектот „Мода", Спомен - куќа „Тодор Проески", Крушево, 2022 год.
4. Сертификат за учество во меѓународниот проект „Денови на влашката култура и уметност, со изработки на традиционални носии, Крушево 2020", проект поддржан од Министерството за култура како проект од особен придонес за афирмација на културата и уметноста, 2020 год.
5. Диплома за учество и самостојно претставување со колекција „Кирилицата, магичниот мост до уметноста" учество со 12 модели. Меѓународна изложба, Југозападен Универзитет „Неофит Рилски", 15 - ти национален студентски фестивал на дизајн. Благоевград – 17 – 28 Октомври 2022 година.
6. Сертификат за учество на Меѓународен проект „Меѓународен фестивал - Традицијата и културата обединуваат" , Информативен центар на Романија, Скопје, изработка на костимографија за фестивалот, проект финансиран од Владата на Романија, 2023 год.

***Придонес во оспособување на наставници и соработници на Технолошко – техничкиот факултет и на други универзитети во државата:***

Кандидатот има дадено значаен придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници преку нивно вклучување во различни научни, научно

- уметнички и стручни активности, проекти, промоција на Универзитетот во државата и странство, што може да се види од заедничките активности на научно
- истражувачката работа достапна на е-репозиториум на Универзитетот.

***Рецензиран универзитетски учебник или авторско ЦД (CD):***

Кандидатот за потребите на студентите од Технолошко-технички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, има издадено 1 (еден) рецензиран универзитетски учебник објавен на е – библиотека, со наслов: „Техники на цртање" (2024), ISBN 978-608-277-067-3, DOI: https://www.doi.org/10.46763/9786082770673
https://e-lib.ugd.edu.mk/1203

***Наставно-образовна дејност***

Кандидатот Јордан Ефремов поседува **долгогодишно педагошко искуство**. Како наставник по предмети од областа на ликовната култура, уметност, дизајн и ликовно образование тој е вклучен во **наставно образовна дејност уште во 1989 година.**

Во периодот од **01.09.1989 до 01.12.2011**, како што е наведено во неговата биографија, тој работи како наставник - професор во Основно и во Средно образование.

Од 01.12.2011 година работи како референт во Центарот за односи со јавноста, во одделот за Издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Р Македонија.

Со одлука бр. 2302 – 40/2 од 03.02.2015 година е избран за Универзитетски доцент во наставно - научната област Дизајнирање на текстил и облека, на Технолошко – техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

На Технолошко – техничкиот факултет во периодот од 2015 до 2019 година тој е ангажиран во студиските програми: Текстилно инженерство, Текстил дизајн и менаџмент, Технологија на текстил и облека и Дизајн на текстил и облека на следните предмети: „Техники на цртање“, Основи на дизајнот“, „Психологија на облекувањето“, „Портфолио“ „Историја на облека“, „Современа уметност и дизајн“ и „Колекција“. Во истиот период од 2015 до 2019 е ангажиран на Ликовната академија во студиските програми: Класично сликарство и вајарство на следните предмети: „Теорија на ликовни уметности“, „Визуелна култура“, „Уметничко портфолио“ и „Историја на класичното сликарство“.

Во периодот од 2017 до 2019 како доцент, е ангажиран на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, на студиските програми: Архитектура и дизајн, Дизајн на ентериер и мебел и Пејзажна архитектура, каде е ангажиран за предметот „Техники на цртање“.

Со одлука бр. 2302 – 40/2 од 03.10.2019 година е избран за вонреден професор во наставно - научната област Дизајнирање на текстил и облека, на Технолошко – техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

На Технолошко – техничкиот факултет како вонреден професор во периодот од 2019 до 2024 година тој е ангажиран во студиските програми: Текстилно инженерство, Текстил дизајн и менаџмент, Технологија на текстил и облека и Дизајн на текстил и облека на следните предмети: „Техники на цртање“, „Индустриски дизајн“, „Основи на дизајнот“, „Психологија на облекувањето“, „Теорија на форма и боја“, „Социологија на мода“ и „Современа уметност и дизајн“. Во истиод период од 2019 до 2024 е ангажиран на Ликовната академија во студиските програми: Класично сликарство и вајарство на следните предмети: „Теорија на ликовни уметности“, „Визуелна култура“, „Уметничко портфолио“ и „Историја на класичното сликарство“.

Со одлука бр. 2302 – 75/8 од 19.10.2020 год. е ангажиран на Технолошко – технички факултет во зимскиот/летниот семестар на учебната 2020/2021 година за Втор циклус на универзитетски академски студии за предметите „Историја и теорија на дизајн“ и Индустриски дизајн на текстил.

Со одлука бр. 2302 – 143/4 од 21.11.2023 год. е ангажиран на Технолошко – технички факултет во зимскиот/летниот семестар на учебната 2023/2024 година за Втор циклус на универзитетски академски студии за предметите „Историја и теорија на дизајн“, „Современа мода и дизајн“ и „Модна колекција“.

Со одлука бр. 2302 – 79/5 од 12.06.2024 год. е ангажиран на Технолошко – технички факултет во зимскиот/летниот семестар на учебната 2024/2025 година за Втор циклус на универзитетски академски студии за предметите „Историја и теорија на дизајн", „Современа мода и дизајн" и „Модна колекција".

Во периодот од 2019 до 2024 год. е ангажиран на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, на студиските програми: Архитектура и дизајн, Дизајн на ентериер и мебел и Пејзажна архитектура, каде е ангажиран за предметот „Техники на цртање".

***Издаден позитивно рецензиран универзитетски учебник***

Кандидатот за потребите на студентите од Технолошко-технички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип има издадено 1 (еден) рецензиран универзитетски учебник со наслов: „Техники на цртање" (2024), https://e-lib.ugd.edu.mk/1203

Има издадено 3 (три) рецензирани скрипти: „Техники на цртање" (2014), „Современа уметност и дизајн" (2017) и „Психологија на облекувањето" (2019), сите објавени на е-библиотека на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

***Рецензент на учебник, скрипта и сл.***

- **рецензент на учебно помагало Скрипта;** Со одлука бр. 2302 – 101/4 од 01.11.2021 година е избран за рецензент за издавање на учебно помагало е – скрипта со наслов „Колекција" од авторот доц. д-р Марија Ќертакова.
- **рецензент на учебно помагало Практикум;** Со одлука бр. 2302 – 107/5 од 01.11.2021 година е избран за рецензент за издавање на учебно помагало е – практикум со наслов „Колекција" од авторот доц. д-р Марија Ќертакова.
- **рецензент на избор во звање;** Со одлука бр. 2302 – 11/4 од 29.11.2021 година е избран за член на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно – научните области Дизајнирање на текстил и облека и Технологија на конфекција, на Технолошко – технички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.
- **активно учество во изготвување на студиски програми на 1 и 2 циклус** студии на Ликовната академија и на Технолошко – технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип

***Ментор на одбранета дипломска работа***

Кандидатот во последните пет години пред објавување на огласот **учествувал во Комисија за одбрана на дипломска работа на вкупно 32 (триесет и двајца) студенти.** Како **ментор на одбрана на дипломска работа бил на вкупно 11 (единаесет) студенти**, од кои **8 (осум) студенти од Технолошко – технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев – Штип" и 3 (три) студенти на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.** Како **претседател на Комисија на одбрана на дипломски труд** бил на вкупно **17(седумнаесет)** студенти, а како **член на Комисијата за одбрана на дипломски труд** бил на одбраната на **14 (четиринаесет) студенти од Технолошко – техничкиот факултет и од Ликовната академија при Универзитетот „Гоце Делчев" –Штип.**

***Научноистражувачка дејност и Стручно – уметнички активности од претходниот изборниот период***

***Објавени научни трудови во меѓународни научни списанија***

*Kertakova, Marija and* ***Efremov, Jordan*** *(2024)* ***Fashion of The New Century – Modern Fashion or Expression of Social Status and Clothes for Success. Tekstilna industrija, 72 (1). pp. 11-22. ISSN 0040-2389*** **:** Во овој труд се зборува за тоа дека во денешното дигитализирано општество, модата е феномен кој влијае на сите општествени субјекти, свесно или несвесно. Таа на некој начин делува како информатор, но и како модератор на современите културни, социјални, економски, философски, духовни, па дури и метафизички промени и сфаќања за неа. Облеката е еден од првите и примарни маркери кои обезбедуваат информации за околината, за националната и класната припадност, за богатството и возраста на поединецот, како и информациите кои со текот на времето треба да го дефинираат степенот на пораките што треба да се испраќаат до другите, токму преку дизајн елементите на модата, т.е. преку бојата, квалитетот на ткаенината, декорацијата во костимот, присуството (или отсуството) на детали – модни елементи кои се сложени колку и структурата на општеството себе. Зошто модата се користи за постигнување кариерно (па дури и лично) влијание и успех? За разлика од традиционалните капиталистички модни системи, во кој елитата (богатата класа) директно одговараше на актуелните модни трендови и свесно ги наметна на пониските општествени класи, денешната мода може да се идентификува како стремеж на поединецот да го наметне своето „јас“ и да се одликува по неговата надворешност, по изборот на облека, преку која демонстрира одредена социјална положба. Во исто време, преку неа тој ја изразува својата индивидуалност, онаа која му пркоси на конформизмот на повисоките класи, желни за ривалство наметнато од силната конкуренција, која прераснува во борба за општествени супериорност и континуирани општествени, но и статусни ако може да се каже, метаморфози, т.е. трансформации. Од психолошка гледна точка, таа навестува личност со зголемени аспирации и силна желба за социјална прифатливост во одреден социјален круг, стекнување љубов, пријатели, желба за професионален успех и постигнување воспоставена невербална комуникација.

***Efremov, Jordan*** *and Kertakova, Marija and Dimitrijeva, Vanga (2023)* ***The aesthetic factor as a formative element in industrial design, from the aspect of industrial aesthetic in the fashion industry. Tekstilna industrija, 71 (4). pp. 50-56. ISSN 0040-2389*****:** Во овој труд се опфатени формативните елементи на индустрискиот дизајн, односно дизајнерските фактори, ги претставуваат компонентите на неговата содржина и заедно со формата на дизајнот формираат неделива целина. Освен естетската компонента, останатите формативни елементи визуелно не се прецизно дефинирани, па затоа е потребна анализа за да се утврди нивната вредност. Со развојот на масовното производство и потрошувачка, задоволувањето на естетските фактори во индустрискиот дизајн е од сѐ поголема важност. Исто така, со развојот на општествените стандарди и општата култура, автоматски се појави потребата дизајнот да биде сѐ поатрактивен. Естетските карактеристики кои се најприфатливи за луѓето се: Усогласеност на формата, хармонијата, пропорциите на димензиите, единство на производот, избор на боја итн. Стајлинг – Стајлирањето се однесува на начинот на кој нешто е направено, дизајнирано или изведено. Стајлингот е метод и правец во дизајнот,

во кој дизајнерите наметнуваат несоодветни форми на одредени производи, а на неприроден или вештачки начин се обидуваат само навидум да ја променат формата на предметот, за да се добие впечаток дека станува збор за нов производ. Модата е колективна општествена појава, но кога станува збор за индустрискиот дизајн, таа е краткотрајна. Таа има се поголемо значење за одредени категории во индустрискиот дизајн и се користи како алатка за успешен дизајн. Влијанието и важноста на модата во индустрискиот дизајн не може да се занемари и има одлучувачко влијание врз пласманот на производите, а со тоа и врз постоењето на производителите.

*Kertakova, Marija and* ***Efremov, Jordan*** *and Kocaleva, Mirjana* ***(2023) New ways of fashion presentation in the digital age period. Tekstilna industrija, 71 (1). pp. 44-50. ISSN 0040-2389*** **:** Во овој труд е изнесена тенденцијата на облекување во новото таканаречено „дигитално доба“ во новото не само модерно, туку и таканаречениот глобален период од развојот на општеството, поединецот треба да се чувствува модерно и единствено. Според тој редослед е неопходно тој да биде дел од новиот свет исполнет со авангарда, конформизам, еклектицизам, со мегапопуларни цели, семиотички универзални ознаки, да биде надвор од границите на нормалното, општо прифатено и конвенционално. Секако дека истите цели се синхронизирани со глобалниот свет, со неговите политики, општествени аранжмани, правила и принципи, не само во модата, туку и во животот воопшто. Фактот дека настаните во животот и глобалните промени (без оглед на нивната природа) влијаат на промените што ги преземаат, местото во модата и модниот свет е непобитно. Денес се среќаваме со современи материјали, со производ на новата технологијата и науката воопшто, кои овозможуваат поголемо ниво на одржливост и употребливост. Нивната поголема застапеност во колекциите не е случајна, поради фактот што модните ревии стануваат ултрамодерни, кои се повеќе се изведени на еден апсолутно неконвенционален начин, почнувајќи од ултра модерни супермодели, преку соодветно производство на исти модели од соодветни материјали, кои ќе одговараат на технологијата на новиот век. Идејата е да се претставите со модна колекција на најсовремен можен начин - виртуелно, со најнова технологија, преку модерна мешавина од социјални платформи, поддржани од најавангардните модели, на најегзотичните места, на најнеобичен можен начин, надополнет со модерна технологија, надополнет со брилијантни сценски ефекти.

***Efremov, Jordan*** *and Kertakova, Marija and Dimitrijeva, Vanga* ***(2022) Different aspects of fashion. Tekstilna industrija, 70 (4). pp. 48-54. ISSN 0040-2389*****:** Во овој труд е ставен акцент на различните аспекти на согледување на модата. Имено модата и облеката не се ни приближно идентични феномени. Но, облеката ја претставува најзначајната област или област низ која, всушност, се појавува модата. Имајќи го тоа на ум, оделото на некој начин го претставува надворешното самообликување на една личност, така што тој костум е израз на тоа како таа личност би сакала да изгледа. Поточно, оделото е еден вид израз на самосвеста на човекот и неговото разбирање за себе. Затоа, тука спаѓа и просторот во кој оваа мода е доста изразена. Самата облека како дел од модното поле е едноставна, краткотрајна и минлива, всушност, понекогаш и самата мода е таква. Основната карактеристика на модата е тоа што може одеднаш да наметне и прифати ново правило или норма, односно да наметне и прифати нешто што во минатото било само исклучок или одредена карактерна нишка. Тоа го прави модата, за подоцна да го остави тој исклучок

или онаа уникатна карактеристична нишка што ја имаше, бидејќи со текот на времето таа уникатност стана нешто што е вообичаено и секојдневие или стана нешто што секој може да си го дозволи. Првото големо објаснување за модата ја поврзува модата со современото општество со систем на отворени слоеви, каде што елитата има тенденција да се истакнува и да се издигне над другите луѓе, а со тоа лансира ексклузивни начини и модели на однесување. За симболично да се изедначат со нив, припадниците на пониските класи го прифаќаат тој стил како правило на сопственото однесување.

*Kertakova, Marija and* ***Efremov, Jordan*** *(2022)* ***Cubism with its aesthetic paradigms as an avant-garde cultural-artistic movement and an art principle for creating analogue fashion solutions. Kowledge International Journal, 55 (5). pp. 923-928. ISSN 2545-4439*****:** Во трудот е опфатен дизајнот во применетата уметност како процес на креирање и развивање на план за еден естетски и функционален објект, што бара соодветно истражување, размислување, моделирање, адаптација и создавање. Естетиката денес се појавува во различни форми на уметноста. Затоа, кога зборуваме за нешто што создава естетско искуство, обично зборуваме за одредена форма на уметност. Фокусот на естетиката не е ограничен, туку е насочен кон естетските идеи, идеали и возвишен изглед. Кубизмот како уметничко движење е нов начин на претставување на светот. Можеме да ги поврземе убавината на кубизмот со неконвенционалната вредност, бидејќи неговите естетски парадигми навлегуваат во елементите кои ја опкружуваат нашата околина. Делата се деформирани, нелогични, ирационални, расчленети на ситни детали. Мртвата природа па портретот, се како збир на геометриски форми кои комуницираат едни со други. Ова уметничкото движење, поседувајќи ги сите овие естетски парадигми и уметнички принципи, сепак успева да влијае на создавање на апсолутно неконвенционални аналогни модни решенија денес.

***Efremov, Jordan*** *and Kertakova, Marija and Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga (2021)* ***Expression of personality through dressing. Tekstilna industrija, 69 (1). pp. 28-35. ISSN 0040-2389*****:** Во овој труд е изнесено на кој начин облеката и модата, овозможуваат мултиплицирање на повеќе личности во една личност. Стремежот да се биде „некој друг“, дури и ако е само со некои детали во облеката, се заснова на можноста за трансформација на поединецот. Таа трансформација се прави со маскирање на личноста. Можностите што ги нуди модата, за да може човек да биде некој „друг“ со помош на облека, козметика или шминка, се навистина широки. Една од најзначајните функции на облеката и надворешниот изглед, т.е. облекувањето, е да се постигне чувство на духовна рамнотежа. Всушност, со помош на облеката се надоместуваат одредени недостатоци кај човекот и на тој начин се постигнува одредена психолошка рамнотежа. Колку следењето мода го намалува чувството на инфериорност, се гледа од фактот дека во повеќето земји модата најмногу ја следат младите и доселениците, бидејќи им се чини дека облекувањето по најнова мода ги поистоветува со другите.

*Kertakova, Marija and Jordeva, Sonja and* ***Efremov, Jordan*** *(2021)* ***Analiza prve autohtone subkulture u istoriji mode -Antimodni stil Enkroajabla i Mervejeza („Incroyables” i „Merveilleuses”). Tekstilna industrija, 69 (2). pp. 48-59. ISSN 0040-2389*****:** Овој прегледен труд анализира автентичен и прилично интригантен моден стил, откривајќи до кој степен општествено-политичките настани можат да влијаат на изградбата на сосема нов костим кој радикално се разликува од конвенционален. Една од главните цели на ова дело е прегледување и критичка

анализа на костимите на најбунтовните млади луѓе т.е. на луѓето кои живееле на крајот на 18 век. Како први и автохтони се појавија т.н. субкултура во историјата на модата, давајќи свој придонес во модата преку карактеристични елементи и варијации на машкиот и женскиот изглед, притоа одредувајќи сосема нов општествен идеал за убавина. Од друга страна, истражувањето на овој нов начин на структурирање на костимот, го објаснува појавувањето на нови групации на млади луѓе, појавата на нови субкултури после втората половина на 20 век. Дизајнерите на новото време мудро во нивната креативна практика го користат историскиот материјал, приспособувајќи го според духот на времето. Поради фактот што модата е сложен и комплексен феномен и таа различно се манифестира, го користев методот на мултидисциплинарност, на структурна и систематска анализа потпирајќи се на културните и социолошките аспекти на истражувањето.

*Kertakova, Marija and* ***Efremov, Jordan*** *(2021)* ***Fashion during the digital era period. Knowledge International Journal, 49 (6). pp. 1301-1309. ISSN 2545-4439*****:** Во овој труд е опфатена облеката како веродостоен израз на естетското, уметничкото и емоционалното разбирање на вкусот и постоењето на секое општество. Модата е општ термин за популарен стил, особено за облека, чевли и мода додатоци и се однесува на специфичен, но пред се актуелен тренд во однос на тоа како изгледа и се облекува една личност во рамките на а општеството, а многу често се однесува на доминација на стилови на однесување во него. Облеката дава информации за а опсег на општествени и културни функции, како што се индивидуална, професионална и родова диференцијација и социјален статус. Тоа е јасен показател за културни и социјални промени во едно општество, како на национално така и на глобално ниво. Модата е една од најпредизвикувачките области која постојано се менува во зависност од желбите на своите клиенти и се движи во синхронизација со времето, настаните и промените. Огромен предизвик и промената во модната индустрија се случува со појавата и развојот на технологијата и дигитализацијата, особено со развојот на модерниот феномен наречен „Моден клиент", кој благодарение на социјалните мрежи успева да прерасне од пасивен потрошувач и следбеник, до клучна фигура која може директно да влијае на определувањето од најмодерните и најактуелните модни трендови. Овој процес настанува како резултат на незадоволството на клиентите со свој моден статус во општеството, односно нивната желба да бидат дел од модната индустрија и во исто време да биде препознаен и популаризиран за тоа. Потрошувачите повеќе не се задоволуваат само со купување производи, туку сакаат комуницираат, припаѓаат, влијаат и бидат дел од групата модни брендови од кои купуваат.

*Efremova, Veronika and Vasileva, Dance and* ***Efremov, Jordan*** *(2021)* ***<u>Combined kinesitherapy in multiple sclerosis with elements of art therapy.</u> In: XIX International Congres of Medical Sciences, ICMS 2021, 13-16 May 2021, Sofia:*** Во овој труд опфатена е улогата на уметничката терапија како една од клучните компоненти во неврорехабилитацијата и адаптацијата и подобрување на невропластичноста т.е. капацитетот на мозокот, да оствари нови нервни врски по лезионо оштетување (повреда) и контролата за изгубените функции да биде преземена од други зони во мозокот. Уметничката терапија како интегративна терапија го подобрува ментално и физичкото здравје и придонесува за подобрување на општата функционална состојба кое го збогатува животот на поединците, семејствата

и заедниците преку активно создавање на уметност, креативен процес и благопријатно психофизичкото здравје. Целта на студијата е да се проучи ефектот од применетата кинезитерапија со елементи на арт - терапија во одржување на општата функционална состојба и независност.

***Стручно – уметнички активности***

***Реализирани ликовни изложби: Самостојно ликовно претставување (ликовна изложба)***

***Efremov, Jordan*** (2023) *Самостојна изложба „Биокинетичка метаморфоза“ – “Biokinetic metamorphosis”, како дел од манифестацијата:House of Culture, Campulung, Romania, Mountain civilization Traditions, customs, folklore on the mountain. 17 – 30 Мај 2023 год. проф. м-р Јордан Ефремов.*

***Efremov, Jordan*** (2023) *Самостојно претставување како дел од изложбата со изработки на старградски носии реплики на европскиот костим, Дом на култура, Кампулунг, Романија, 11 - 16 мај 2023 год.*

***Efremov, Jordan*** (2022) *Самостојно претставување со колекција „Кирилицата, магичниот мост до уметноста“ учество со 12 модели. Меѓународна изложба, Југозападен Универзитет „Неофит Рилски“ – 15 ти национален фестивал на дизајн. Благоевград – 17 – 28 Октомври 2022 година.*

***Efremov, Jordan** (2021) Multicultural Association „Nicu Hagi“ – Campuling Muscel – Romania, The Carpates – Pind. Mountain civilization, folklore on the mountain. December 30, 2021 - Самостојна изложба со слики и цртежи инспирирани од Македонскиот фолклор.*

***Efremov, Jordan** (2021) НУ Завод и Музеј Штип/ NI Institute and Museum Stip, Културното наследство низ призма на ликовната дејност.*

***Efremov, Jordan** (2020) Крушево - Самостојно претставување - Изложба на слики со традиционални влашки носии, Декември 2020.*

***Групно ликовно претставување (ликовна изложба)***

***Efremov, Jordan*** (2024), *Изложба со наслов: „Сликарството на Ликовната академија во Штип“, на дипломирани студенти на Ликовната академија при УГД – Штип, во галеријата на Културно-информативниот центар на Република Северна Македонија во Софија на 18.04.2024 год. - ментор проф. м-р Јордан Ефремов.*

***Efremov, Jordan*** (2024), *Лковно едукативен настан со наслов:„Ликовна визија“, фестивал на уметноста, од 15. – 17 05.2024 год. - ментор проф. м-р Јордан Ефремов.*

***Efremov, Jordan*** (2024) *Годишна изложба - Ликовна академија, архитектура и дизајн, Технолошко – технички факултет, мај 2024. Risteski, Sanja and Zhezhova, Silvana and Golomeova, Saska and Jordeva, Sonja and Dimitrijeva, Vanga and Kertakova, Marija (2024) Студентска годишна изложба.*

***Efremov, Jordan** and Namicev, Petar and Jakimovska, Jana and Miloseski, Slobodan and Dimitrijeva, Vanga and Mirakovski, Dejan (2023) Годишен каталог Ликовна Академија 2023. Goce Delcev University - Stip.*

***Efremov, Jordan*** (2023) Годишна изложба - Ликовна академија, архитектура и дизајн, Технолошко – технички факултет, мај 2023.

**Efremov, Jordan** (2022) *Групна меѓународна изложба, Југозападен Универзитет „Неофит Рилски“ – 15 ти национален студентски фестивал на*

*дизајн со наслов „Кирилицата, магичниот мост до уметноста". Благоевград – 17 – 28 Октомври, 2022 година.*

***Efremov, Jordan*** (2022) *Изложба 15 години УГД – Ликовна академија – Класично сликарство, 21.03.2022 год.*

*Dimitrijeva, Vanga and Golomeova, Saska and Jordeva, Sonja and Zhezhova, Silvana and* ***Efremov, Jordan*** *(2022) Кирилицата, магичниот мост на уметноста.*

***Efremov, Jordan*** (2021) *Multicultural Association „Nicu Hagi" – Campuling Muscel – Romania, The Carpates – Pind. Mountain civilization, folklore on the mountain. December 16 – December, 2021 - групна изложба.*

***Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност***

***Учество во проекти***

*Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga and Risteski, Sanja and Golomeova, Saska and Zhezhova, Silvana and Ristova, Elvira and Jordeva, Sonja and Bojadziska, Slavica and* ***Efremov, Jordan*** *and Naumovska, Verica (2023) Меѓународен фестивал на Власите „Традицијата и културата обединуваат".*

*Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga and Srebrenkoska, Vineta and Despot, Katerina and Sandeva, Vaska and* ***Efremov, Jordan*** *and Golomeova, Saska and Zhezhova, Silvana and Jordeva, Sonja and Ristova, Elvira and Bojadziska, Slavica and Slavkova, Emilija and Gjorgjieva, lidija and Mirceska, Natasa and Angelinova-Dimitrova, Penka and Dimitrova Evtimova, Maria and Onteva, Maria and Badea, Corina and Hagi, Emil and Nanusevski Filipovic, Nadica and Janakieska, Danica and Golant, Natalia and Dimitrijeva-Mastev, Marina (2022) Preservation of local craft traditions at the international level and integrations into new tehnologies and process of recycling and apllications in modern and functional design.*

*Jakimovska, Jana and Miloseski, Slobodan and Despot, Katerina and* ***Efremov, Jordan*** *and Dimitrijeva, Vanga and Sandeva, Vaska and Namicev, Petar and Risteski, Sanja (2021) Културното наследство низ призма на ликовната дејност - изложба.*

